Триглав Осигурување АД
бул. 8-ми Септември бр. 16
1000 Скопје

triglav

Дополнителни услови за осигурување на членови на планинарски организации од последици на несреќен случај

УС-нпс-ПЛО
12-1-мк

член 1: општи одредби

[1] Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода) (во понатамошниот текст: Општи услови) и овие Дополнителни услови се составен дел од договорот за осигурување на членови на планинарски друштва и планинарски сојузи од последици на несреќен случај.

[2] Договарач на осигурувањето по овие Дополнителни услови може да биде планинарско друштво или планинарски сојуз.

член 2: осигурени лица

[1] Лицата наведени во став (1), член 1 од овие Дополнителни услови се осигуруваат без оглед на нивната здравствена состојба, општа работоспособност и старост, како и без плаќање на зголемена премија во смисла на член 8 точка 6, став (1), од Општите услови, освен лицата кои според член 4 став (3), од Општите услови, во секој случај се исклучени од осигурување.

член 3: траење на осигурувањето

[1] За секој нов член осигурителното покритие започнува без претходна пријава во 24:00 часот на денот кога пристапува во членство. Осигурителното покритие престанува за секој член поединечно во 24:00 часот оној ден кога престанал да биде член во друштвото или планинарскиот сојуз наведени во полисата.

член 4: осигурени опасности

[1] Во осигурувањето се вклучени несреќните случаи кои би му се случиле на осигуреникот:
1) при спортско и рекреативно планинарење и алпинизам;
2) при извршување на должности по налог на договарачот на осигурувањето поврзани со активностите на друштвото или сојузот.

член 5: плаќање на премија

[1] Премијата е неделива и се плаќа за секој осигуреник во годишен износ, без оглед на тоа колку време во текот на осигурителната година бил член на планинарското друштво или сојуз. Премијата се плаќа однапред за вкупниот број на членови на почетокот на секоја осигурителна година, додека конечната пресметка на премијата се врши по истекувањето на осигурителната година. Договарачот на осигурувањето мора во рок од 15 дена по истекот на осигурителната година да му го пријави на осигурувачот бројот на членови кои пристапиле во текот на годината и истовремено да плати годишна премија за нив.

[2] Договарачот е должен да му овозможи увид на осигурувачот во својата евиденција од која може да се утврди вистинскиот број на членови во секоја година, како и дали тоа лице на кое му се случила несреќа, на денот на несреќниот случај било член на планинарското друштво или планинарскиот сојуз.

[3] Ако членовите сами му плаќаат премија на договарачот на осигурувањето, истиот е должен да му ја достави премијата на осигурувачот во рокот наведен во полисата.

[4] Обврската на осигурувачот кон секој осигуреник постои и во случај кога договарачот не ја платил премијата во рокот наведен во полисата, ако незгодата настанала за времетраење на осигурувањето по одредбите од членовите 6 и 15 од Општите услови.

член 6: ограничување на опсегот на одговорност на осугурувачот

[1] Ако осигуреникот е постар од 75 години во моментот на настанување на несреќниот случај, осигурувачот исплаќа 50% од износот кој инаку би морал да го плати.

член 7: трошоци за спасување

[1] Осигурувачот ги враќа реалните и потребни трошоци за спасување на повреден или починат осигуреник според приложената сметка. Осигурувачот ги враќа трошоците за спасување на секој поединечен осигуреник најмногу до сумата на осигурување која е наведена во полисата.

[2] Корисник на осигурувањето за враќање на трошоците за спасување е лице кое ќе докаже дека ги платило, односно дека мора да ги плати.

член 8: завршни одредби

[1] Дополнителните услови важат заедно со Општите услови за осигурување на лица од последици на несреќен случај (незгода). Ако нивната содржина се разликува од Општите услови, тогаш важат овие Дополнителни услови.